# *ЕДИТОРИЈАЛ*

*Во овој, и во следниот, број на Македонски стоматолошки преглед се уредени презентациите од VII-от собир на стоматолозите на Македонија, што се одржа во Дојран од 20 до 22 мај 1993 година. Стручната програма на Собирот се одвиваше преку две главни теми, и тоа, НАЈНОВИ СТРУЧНО-НАУЧНИ СОЗНАНИЈА ОД ОБЛАСТА НА СИТЕ СТОМАТОЛОШКИ ДИСЦИПЛИНИ, и втора, ИСКУСТВА ЗА АПЛИКАТИВНОСТА НА СТОМАТОЛОШКИТЕ МАТЕРИЈАЛИ ОД НОВАТА ГЕНЕРАЦИЈА.*

*Според Редакцискиот одбор на МСП и според организаторот на Собирот, со печатењето на соопштенијата, како една од основните задачи на организаторот, се обезбедува размена на најновите, современи информации од областа на стоматолошката наука и практика. Но, што се однесува до брзото објавување на тие информации, Редакцијата имаше тешкотии да ги прибере статиите за публикување, бидејќи голем дел од авторите не се придржуваа на роковите, кој проблем, се надеваме, во иднина, ќе биде надминат.*

*Во овој број на МСП ги уредивме соопштенијата од првиот дел на работата на Собирот на тема "Презентација на најновите стручно-научни сознанија од областа на сите стоматолошки дисциплини". Влијанието на АБО системот врз застапеноста на кариозниот процес, реминерализирачкиот потенцијал на плунката, како и примената на превентивното залевање на фисурите се прикажани во одделот "Детска и превентивна стоматологија". Превентивниот придонес во стоматолошката практика е согледан и преку ортодонтскиот аспект, преку терапевтскиот приод и третманот на малоклузиите, а обработени се случаи и на хипо-хиперодонција кај клеидокранијалниот синдром. Посебно внимание е посветено на оралните дизинфициенси во редукцијата на микроорганизмите во работните средини и на можноста за едносеансен третман на феникс апсцесот.*

*Од областа на пародонтопатијата, проследени се епидемиолошките и терапевтските аспекти на улцеронекрозниот гингивитис, потоа, улогата на јатрогените фактори во етиопатогенезата на пародонталната болест и примената на хируршките методи во решавањето на мукогингивалните аберации; проследени се и имунолошките аспекти преку следење на ХЛА-антигените од А и Б локусите кај заболени од пародонтална болест.*

*Од областа на имплантологијата, разработени се критериумите, условите и факторите за успех на денталните имплантати.*

*Во делот од областа на стоматолошката протетика, посебно внимание е посветено на реконструктивната, естетската и функционалната корекција на отворениот и прогениот загриз и Progenia vera, потоа на конструктивното подобрување на мостовските конструкции и леаните коренски надградби кај непаралелни коренски канали. Прикажани се електромиографските аспекти на интероклузалното растојание, методите за регистрирање на оклузалните сили, како и одредувањето на протетичката рамнина во интералвеоларниот простор.*

**Проф. д-р Марија Накова, др сци**

*помошник главен уредник*